Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Осумдесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 19 јули 2021 година

Скопје, јули 2021 година

**З А П И С Н И К**
**од Осумдесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 19 јули 2021 година**

Седницата започна во 11:10 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, како и Калинка Габер, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија и Александар Петровски, директор на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје, Елена Паговска од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Аница Иваноска-Стрезовски и Тоше Пановски, претставници од Министерството за финансии.

Од седницата отсуствуваа м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација.

*

*      *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВНИОТ РЕД:

- Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

    - Агенда Европа дома

- Статус на реализација на Рамковниот договор

- Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јули 2021 година-31 декември 2021 година

1. Информација за состојбата со водоснабдување на РЕК Осломеј

2. Информација за потребата од давање согласност на Одлуката за отпочнување на постапка за задолжување заради издавање на банкарска гаранција за потребите на постапката за експропријација за автопатот А4

Миладиновци-Свети Николе-Штип, делница Свети Николе-Штип за одводнување и пристапни патишта, со Предлог-одлука

3. Информација за добивање согласност на Одлуката за отпочнување на постапка за задолжување заради издавање на банкарска гаранција за потребите на постапката за експропријација за реконструкција на магистрален пат А1 (постоечки Р106) „Прилеп–Градско“, делница: од излез на Прилеп (бензинска станица Лук оил) до мост на река Ленишка со патен јазол Прилеп, со Предлог-одлука

4. Информација за потребата од давање согласност на Одлуката за отпочнување на постапка за задолжување заради издавање на банкарска гаранција за потребите за постапката за експропријација за Државен пат А2 Ранковце-Крива Паланка, со Предлог-одлука

5. Информација за потребата од давање согласност на Одлуката за отпочување на постапка за задолжување заради издавање на банкарска гаранција за потребите на постапката за експропријација на автопат Државен пат Штип-Радовиш, со Предлог-одлука

6. Информација за одобрување на ревидираната Годишна сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, за период од 1 јануари 2020 година до 31 декември 2020 година, со Предлог-одлука

7. Информација за одобрување на консолидирана ревидирана Годишна сметка и консолидирани ревидирани финансиски извештаи на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар-Скопје, за период од 1 јануари 2020 година до 31 декември 2020 година, со Предлог-одлука

8. Информација за одобрување на работењето и водењето на работењето со Друштвото на членовите на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје за 2020 година, со предлог-одлуки

9. Информација за распределба на добивката на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје за 2020 година, со Предлог-одлука

10. Информација за напредокот на спроведените активности за воспоставување на системот за управување на нус-производи од животинско потекло

11. Информација по задолжение од Триесет и петтата седница на Владата, за направените анализи за исполнетост на условите за креирање на работни места по договорите за државна помош за компаниите во ТИРЗ, со предлог на следни чекори што треба да се преземат, вклучително и евентуална измена на договорите, согласно изменетите услови предизвикани од COVID-19

12. Информација за статус на предмет 52ПЛ1-ТС-1952/18 заведен пред Основен граѓански суд-Скопје

13. Барање на согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и /или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука (Институт за стандардизација на Република Северна Македонија)

14. Барање за донесување на Одлука за согласност за престанок и давање на користење на движни ствари, со Предлог-одлука

15. Предлог-одлука за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр.1723)

16. Предлог-одлука за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КПбр.1726)

17. Предлог-одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (КП бр.1729)

18. Предлог-одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (КПбр.1730)

19. Предлог-одлука за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр.1731)
20. Предлог-одлука за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КПбр.1742/1)

21. Предлог-одлука за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр.1871/2)

22. Информација за неискористени финансиски средства во Посебниот фонд со Предлог-одлука за користење на неискористените средства од потсметката на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (Посебен фонд) за финансирање на мерки за вработување на евидентирани невработени лица

23. Информација за потреба на набавка на систем за рано детектирање на пожари и предвидување како ќе се шират

24. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности-КО Прилеп (КП број 13643)

25. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Јавно претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија

26. Информација за изработка на физибилити студија за „Изградба на мултифункционален спортски објект Авто-мото стаза"

27. Предлог-одлука за распределба на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации, со записници од седниците на Комисијата и Ранг листа

28. Предлог-одлука за утврдување на статус на стратешки инвестиционен проект на Друштво за трговија и услуги Зока енерџи солушн увоз-извоз ДООЕЛ-Неготино

29. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини

30. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции

31. Информација во врска со начинот на функционирање на мобилната лабораторија за испитување на квалитет на течни горива и потреба од нејзино доопремување со опрема за мострирање и тестирање на мазут

32. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-минерална вода на локалитетот „Варвара-Долна Маала“, Општина Теараце, со Предлог-одлука

33. Информација во врска со поднесеното барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Панорамика, Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект

34. Информација за финансиска поддршка на домашно производство на масло за јадење од сончоглед за домашен пазар, со Предлог-одлука

35. Предлог-одлука за укинување на увозните давачки-царинските стапки за увоз на едра и едрилици

36. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за водоснабдување на с.Виштица-за изградба на главна водоводна мрежа со приклучок во приклучна шахта КО Виштица-вонград, Општина Липково, со Предлог-одлука

37. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Слупчане за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура КО Слупчане-вон г.р., КО Слупчане, КО Оризаре, КО Ваксинце-вон г.р., Општина Липково, со Предлог-одлука

38. Информација за давање на согласност за распишување на Јавен оглас бр.02/21 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање, со Предлог-одлука

39. Информација за статусот на реализација на подготвителните активности поврзани со проектот за затворање на непрописните депонии и ѓубришта во Источниот и Северо-источниот Регион, со Предлог-одлука

40. Информација со Предлог на методологија за процена на штети настанати од природни непогоди и други несреќи

41. Информација за потпишување на Грански колективен договор за изменување и дополнување на Гранскиот колективен договор на органи на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено-поправните и воспитно-поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија

42. Информација за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради изведување на артилериско боево гаѓање на Војската на Црна Гора на АП „Криволак“, со Предлог-одлука

43. Предлог-одлука за воведување рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2021/372 на Советот од 2 март 2021 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2020/1999 за рестриктивни мерки против сериозни повреди и злоупотреби на човековите права

44. Информација во врска со Предлог на стратегијата за родова еднаквост 2021-2026 година, со Предлог на стратегија за родова еднаквост 2021-2026

45. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за научно-истражувачката дејност за 2021 година

46. Предлог-програма за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2021 година

47. Предлог-програма за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2021 година

48. Предлог-одлука за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2021/2022 година

49. Предлог-одлука за доделување стипендии на странски државјани од интерес за Република Северна Македонија

50. Предлог-одлука за давање на одобрение за основање на приватна високообразовна установа-Самостојна висока стручна школа Училиште за мода Фашион десигн институт ДООЕЛ во с. Џепчиште, Тетово

51. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Министерство за образование и наука)

52. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците

53. Информација за исплата на пензии за јули 2021 година

54. Годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2020 година

55. Понуда од нотар Владимир Голубовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.18803 за КО Центар 2 на КП бр.2259, викано место/улица Рилски конгрес

56. Понуда од нотар Јасмина Радончиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.68655 за КО Маџари на КП бр.1046/4 за викано место/улица П.Наков

57. Понуда од нотар Искра Кировска од Штип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.210 за КО Штип2 на КП бр.2523 за викано место/улица Бабите

58. Понуда од нотар Лидија Рибарева од Штип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.18644 за КО Штип-5 на КП бр. 8124, место викано Пребег

59. Известување од извршител Магдалена Симовска-Давидовиќ од Скопје, доставен под И.бр.974/18, за Налог за извршување врз недвижност, запишана во Имотен лист бр.483, за КО Долно Водно, Имотен лист бр.981 за КО Долно Водно и Имотен лист бр.2784 за КО Карпош

60. Кадровски прашања

61. Прашања и предлози

62. Конечен извештај за извршената ревизија на успешност „Ефективност на мерките и активностите за издавање на Б-интегрирани дозволи"“

63. Конечен извештај за извршената ревизија на успешност „Капитални трансфери кон ЕЛС од Буџетот на Република Северна Македонија“

64. Конечен извештај за извршената ревизија на успешност „Ефективност на мерките и активностите за искористување на минералните суровини и наплата на надоместоците“

65. Конечен извештај за извршената ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година во Државен студенски дом „Томе Стефановски-Сениќ“-Скопје, Сметка на Буџет од самофинансирачки активности (787) и Сметка на основен буџет (603)

66. Информација за потребата од обезбедување на нов деловен простор на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија, бр.03-1009/1 од 28.5.2021 година

67. Финансиски извештај на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, за период од 1 октомври 2020 година до 31 декември 2020 година

68. Финансиски извештај на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор-Скопје, за период од 1 јануари 2021 година до 31 март 2021 година

69. Извештај за работа на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, за период од 1 јули 2020 година до 31 декември 2020 година

70. Извештај за активностите на Бирото за јавни набавки во функционирањето на системот на јавните набавки за 2020 година

71. Дополнет предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година

72. Предлог на закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции

73. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи (2019-2022)

74. Предлог-програма за изменување на Програма за финансиска поддршка на руралниот развој за 2021 година

75. Информација за потребата од информирање на Комисијата за одбрана и безбедност на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на набавката на лесни оклопни возила на тркала за потребите на Армијата на Република Северна Македонија со склучување на Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија со Владата на Соединетите Американски Држави

76. Информација за потребата од продолжување на набавката на лесни оклопни возила на тркала за потребите на Армијата на Република Северна Македонија со склучување на договор со Владата на Соединетите Американски Држави (МК-В-UCE од 1.7.2021 година)

*

*   *

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- **Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија**

    - **Агенда Европа дома**

Владата го разгледа материјалот Агенда Европа дома (статус 19.7.2021 година) и притоа заклучи:

1. Министерството за финансии да го достави во владина постапка Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, најдоцна до 26 јули 2021 година.

2. Министерството за правда да го достави во владина постапка Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, најдоцна до крајот јули 2021 година.

3. Министерството за правда да го достави во владина постапка Предлогот на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик во насока на дополнување на кривичните дела со одредби за заштита на новинари од напади при вршење на службата.

- **Статус на реализација на Рамковниот договор**

Владата по повод одбележувањето на дваесет години од потпишувањето на Охридскиот рамковен договор заклучи на 27 јули 2021 година (вторник) да се одржи Тематска седница на Владата.

- **Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јули 2021 година-31 декември 2021 година**

Владата го одложи разгледувањето на Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јули 2021 година-31 декември 2021 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на основните комисии на Владата поради потребата Генералниот секретаријат на Владата да го усогласи текстот на Законодавната агенда со Секретаријатот за европски прашања во делот на усогласување со Националната програма за усвојување на правото на Европската унија и роковите.

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја симна од Дневниот ред Информацијата на АД за производство на електрична енергија ЕСМ во државна сопственост, Скопје за состојбата со водоснабдување на РЕК Осломеј.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од давање согласност на Одлуката за отпочнување на постапка за задолжување заради издавање на банкарска гаранција за потребите на постапката за експропријација за автопатот А4 Миладиновци-Свети Николе-Штип, делница Свети Николе-Штип за одводнување и пристапни патишта, со Предлог-одлука, ја усвои и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за отпочнување на постапка за задолжување заради издавање на банкарска гаранција за потребите за постапката за експропријација за автопат А4 „Миладиновци-

Свети Николе-Штип“ делница Свети Николе-Штип за одводнување и пристапни патишта, во предложениот текст.

## Точка 3

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност на Одлуката за отпочнување на постапка за задолжување заради издавање на банкарска гаранција за потребите на постапката за експропријација за реконструкција на магистрален пат А1 (постоечки Р106) „Прилеп–Градско“, делница: од излез на Прилеп (бензинска станица Лук оил) до мост на река Ленишка со патен јазол Прилеп, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за отпочнување на постапка за задолжување заради издавање на банкарска гаранција за потребите на постапката за експропријација за реконструкција на магистрален пат А1 (постоечки Р106) „Прилеп-Градско“ делница: од излез на Прилеп (бензинска станица Лук оил) до мост на река Ленишка со патен јазол Прилеп, во предложениот текст.

## Точка 4

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од давање согласност на Одлуката за отпочнување на постапка за задолжување заради издавање на банкарска гаранција за потребите за постапката за експропријација за Државен пат А2 Ранковце-Крива Паланка, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за отпочнување на постапка за задолжување заради издавање на банкарска гаранција за потребите за постапката за експропријација за Државен пат А2 делница Ранковце-Крива Паланка , во предложениот текст.

## Точка 5

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од давање согласност на Одлуката за отпочување на постапка за задолжување заради издавање на банкарска гаранција за потребите на постапката за експропријација на автопат Државен пат Штип-Радовиш, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за отпочнување на постапка за задолжување заради издавање на банкарска гаранција за потребите за постапката за експропријација за Државен пат А4 делница Штип-Радовиш, во предложениот текст.

## Точка 6

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на ревидираната Годишна сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, за период од 1.1.2020 година до 31.12.2020 година, со дополнувањето, ја усвои и ја донесе Одлуката за одобрување на ревидираната Годишна сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, за период од 1.1.2020 година до 31.12.2020 година, во предложениот текст.

**<u>Точка 7</u>**

Владата ја донесе Одлуката за одобрување на консолидирана ревидирана Годишна сметка и консолидирани ревидирани финансиски извештаи на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар-Скопје за период од 1.1.2020 година до 31.12.2020 година, во предложениот текст.

**<u>Точка 8</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на работењето и водењето на работењето со Друштвото на членовите на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје за 2020 година, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за одобрување на работењето и водењето на работењето со Друштвото на членовите на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост-Скопје за 2020 година, во предложениот текст;

2. Новиот текст на Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост-Скопје за 2020 година (Шеваљ Цеку-извршен член на Одборот на директори), во предложениот текст;

3. Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор,

во државна сопственост-Скопје за 2020 година (Булент Камбер-Претседател на Одборот на директори), во предложениот текст;

4. Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост-Скопје за 2020 година (Јасна Оровчанец-Арангеловиќ-неизвршен член на Одборот на директори, во предложениот текст;

5. Новиот текст на Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост-Скопје за 2020 година (Сања Цековска-неизвршен член на Одборот на директори), во предложениот текст и

6. Новиот текст на Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост-Скопје за 2020 година (Светлана Тодоровска-неизвршен член на Одборот на директори), во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за распределба на добивката на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост –Скопје за 2020 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за распределба на добивката на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот на спроведените активности за воспоставување на системот за управување на нус-производи од животинско потекло, ја усвои Информацијата и заклучи да и препорача на Општина Лозово да ја забрза постапката за организирање на јавната презентација и јавна анкета на коригираниот предлог УПС за с. Лозово, односно планскиот опфат на Урбанистички план за с. Лозово блок 9 и блок 10 за локацијата за изградба на централната единица, која е избарана и усвоена од Владата и да постапи по забелешките и насоките од Министерството за транспорт и врски.

Истовремено, да се има предвид Мислењето на Министерството за животна средина и просторно планирање, со укажување Општина Лозово да ја утврди потребата од оцена на влијанието на планот врз животната средина, односно стратегиска оцена на влијание.

## Точка 11

Владата ја одложи од разгледување Информацијата по задолжение од Триесет и петтата седница на Владата, за направените анализи за исполнетост на условите за креирање на работни места по договорите за државна помош за компаниите во ТИРЗ, со предлог на следни чекори што треба да се преземат, вклучително и евентуална измена на договорите, согласно изменетите услови предизвикани од COVID-19 за наредната седница на Владата, поради потребата мислења да доставaт Државното правобранителство на Република Северна Македонија, Секретаријатот за европски прашања и Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Овој материјал претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 12

Владата по Информацијата за статус на предмет 52ПЛ1-ТС-1952/18 заведен пред Основен граѓански суд Скопје ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжува управителот на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменската сала „Борис Трајковски" ДООЕЛ Скопје да пристапи кон склучување на вонсудска спогодба за спорот по предметот 52ПЛ1-ТС-1952/18 заведен пред Основен граѓански суд Скопје со исплата на 50% од вредноста на долгот со законска казнена камата и трошоците на постапката од страна на Друштвото „Борис Трајковски" ДООЕЛ Скопје.

2. Владата ќе обезбеди 15.000.000,00 денари со новиот Буџет на Република Северна Македонија за 2022 година за исплата на долгот кој Друштвото го има по основ на капиталната инвестиција од 2012 година: „Изградба на рекреативен аква парк" кон Друштвото за производство и трговија на големо и мало Полин-Гроуп ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со цел склучување на вонсудска спогодба за исплата на долгот почнувајќи од јануари 2022 година.

## Точка 13

Владата по Барањето на согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и /или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

## Точка 14

Владата по Барањето за донесување на Одлука за согласност за престанок и давање на користење на движни ствари, го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Чаир.

## Точка 15

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр.1723), во предложениот текст.

## Точка 16

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр.1726), во предложениот текст.

## Точка 17

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (КП бр.1729), во предложениот текст.

## Точка 18

Владата, ја донесе Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (КП бр.1730), во предложениот текст.

## Точка 19

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр.1731), во предложениот текст.

## Точка 20

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр.1742/1), во предложениот текст.

## Точка 21

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Град Скопје (КП бр.1871/2), во предложениот текст.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата за неискористени финансиски средства во Посебниот фонд, со Предлог-одлука за користење на неискористените средства од потсметката на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (Посебен фонд) за финансирање на мерки за вработување на евидентирани невработени лица, ја усвои и го донесе новиот текст на Одлуката за користење на неискористените средства од Посебниот фонд за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидните лица, за финансирање на мерки за вработување на евидентирани невработени лица, во предложениот текст.

## Точка 23

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за потреба на набавка на систем за рано детектирање на пожари и предвидување како ќе се шират, поради потребата Дирекцијата за заштита и спасување да се вклучи во Работната група предводена од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во соработка со ЈП Национални шуми, која работи на ИПА проекти, со цел рационално да се искористат предвидените грант средства кои доаѓаат од Инструментот за претпристапна помош, за да може координирано да се воспостави целиот систем.

## Точка 24

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности-КО Прилеп (КП број 13643), во предложениот текст.

## Точка 25

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Јавно претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија и условно ја донесе Одлуката со следните заклучоци:

1. Текстот на Одлуката да се преработи во насока наместо недвижните ствари да се дадат на трајно користење на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија, да се дадат на Општина Чаир.

2. Текстот на Одлуката да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 26

Владата ја разгледа Информацијата за изработка на физибилити студија за „Изградба на мултифункционален спортски објект Авто-мото стаза", како материјал за информирање.

## Точка 27

Владата ја донесе Одлуката за распределба на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 28

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на статус на стратешки инвестиционен проект, во предложениот текст.

## Точка 29

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини, поради потребата текстот на Предлогот на закон да се разгледа по одржувањето на тематската седница на Владата за децентрализација и

истиот да се усогласи со Секретаријатот за европски прашања и со укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Исто така, предлагачот да ги усогласи Изјавата за усогласеност на прописот со законодавството на ЕУ и коресподентните табели МК-ЕУ и ЕУ-МК со Секретаријатот за европски прашања и Секретаријатот за законодавство.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика и Комисијата за политички систем.

## Точка 30

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции, по скратена постапка и условно го утврди со следниве заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции, по скратена постапка да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции, по скратена постапка да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, а за повереници м-р Размена Чекиќ-Дуровиќ, државен секретар во Министерството за економија и Блерим Златку, државен советник во Министерството за економија.

## Точка 31

Владата ја разгледа Информацијата во врска со начинот на функционирање на мобилната лабораторија за тестирање на квалитет на течни горива и потребата од нејзиното доопремување со опрема за мострирање и тестирање на квалитет на мазут, со дополнувањето и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии, во рок од 10 дена, за потребите на Министерство за економија-Биро за метрологија, да обезбеди средства за набавка на опрема за мострирање и тестирање на квалитет на мазут.

2. Се задолжува Министерството за економија-Биро за метрологија, во рок од 30 дена по добивањето на согласноста и обезбедување на соодветните средства за набавка на опрема за мострирање и тестирање на квалитет на мазут, да отпочне постапка за набавка на опрема за испитување на квалитетот на мазутот согласно барањата од „Правилникот за квалитетот на течните горива" (Службен весник на Република Македонија бр. 88/07) и стандардот МКС Б.Х2.430:1999.

3. Се задолжува Министерството за економија-Биро за метрологија, во рок од три месеци по инсталација и тестирање на предметната опрема, да започне постапка за проширување на опсегот на акредитација во делот на мострирање и тестирање на квалитетот на мазутот.

4. Се задолжува Министерството за економија, во рок од 15 дена по реализација на сите активности од оваа информација, да ја информира Владата на Република Северна Македонија.

<u>Точка 32</u>

Владата по Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-минерална вода на локалитетот „Варвара-Долна Маала", Општина Теарце, со Предлог-одлука не ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина-минерална вода на локалитетот „Варвара-Долна Маала", Општина Теарце, имајќи го предвид новото негативно Мислење на Управата за животна средина-Сектор за природа, со укажувањата дека локалитетот „Варвара" се наоѓа во границите на Националниот парк „Шар Планина", којшто заради исклучителните природни вредности, разновидноста и богатството на биодиверзитетот, геодиверзитетот, хидролошките карактеристики, пејсажните, пределните и други вредности како добра од јавен интерес е прогласен за заштитено подрачје од категорија II-Национален парк („Службен весник на Република Северна Македонија ", бр.151/21) .

## Точка 33

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Панорамика, Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект (хотел Панорамика, Скопје, хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди супериор), во предложениот текст.

## Точка 34

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за финансиска поддршка на домашно производство на масло за јадење од сончоглед за домашен пазар, со Предлог-одлука, на барање на предлагачот.

## Точка 35

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-одлуката за укинување на увозните давачки-царинските стапки за увоз на едра и едрилици и заклучи да не ја донесе истата.

## Точка 36

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за водоснабдување на с.Виштица-за изградба на главна водоводна мрежа со приклучок во приклучна шахта КО Виштица-вонград, Општина Липково, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за водоснабдување на с.Виштица-за изградба на главна водоводна мрежа со приклучок во приклучна шахта КО Виштица-вонград, Општина Липково, во предложениот текст.

## Точка 37

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Слупчане за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и

рекреација и Е-инфраструктура КО Слупчане-вон г.р., КО Слупчане, КО Оризаре, КО Ваксинце-вон г.р., Општина Липково, со Предлог-одлука, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата предлагачот да обезбеди ново позитивно мислење по новиот текст на материјалот од Агенцијата за катастар на недвижности.

## Точка 38

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за распишување на Јавен оглас бр.02/21 за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање, со Предлог-одлука и Предлог –решение, ја усвои Информацијата и ги донесе:

-Одлуката за давање на согласност на Јавен оглас за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари по пат на електронско јавно наддавање, во предложениот текст и

-новиот текст на Решението за формирање на Комисија за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост за површини над 3 хектари, во предложениот текст.

## Точка 39

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на реализација на подготвителните активности поврзани со проектот за затворање на непрописните депонии и ѓубришта во Источниот и Североисточниот Регион, со Предлог-одлука и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за статусот на реализација на подготвителните активности поврзани со проектот за затворање на непрописните депонии и ѓубришта во Источниот и Североисточниот Регион.

2. Условно ја донесе Одлуката за затворање на дивите депонии и ѓубришта во општините од Североисточниот и Источниот плански Регион, со заклучок Министерството за животна средина и просторно планирање да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

3. Се препорачува на општините Куманово и Кратово да ги завршат постапките за експропријација на земјиштето каде што ќе се врши

рехабилитација на непрописните депонии, а истото е во приватна сопственост.

**Точка 40**

Владата по Информацијата со Предлог-методологија за процена на штети од природни непогоди и други несреќи заклучи Министерството за одбрана, во соработка со Дирекцијата за заштита и спасување, при следното подготвување и доставување на новиот Закон за заштита и спасување на Република Северна Македонија, во 2022 година до Владата, истиот да го дополни/измени и со соодветна измена со која единствената Методологија за проценка на штети од природни непогоди и други несреќи ќе ја донесува Владата, на предлог на Министерството за одбрана, во соработка со Дирекцијата за заштита и спасување.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Грански колективен договор за изменување и дополнување на Гранскиот колективен договор на органи на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено-поправните и воспитно-поправните установи, Државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го усвои и прифати текстот на Гранскиот колективен договор за изменување и дополнување на Гранскиот колективен договор на органи на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено-поправните и воспитно-поправните установи, Државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија.

2. Го овласти министерот за информатичко општество и администрација д-р Јетон Шаќири да го потпише Гранскиот колективен договор за изменување и дополнување на Гранскиот колективен договор на органи на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено-поправните и воспитно-поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот

Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради изведување на артилериско боево гаѓање на Војската на Црна Гора на АП „Криволак", со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ги донесе следните заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Одлуката за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на вежба, во предложениот текст.

2. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии-Царинска управа и Националниот координативен центар за гранично управување, а им се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта и Агенцијата за цивилно воздухопловство, во координација со Министерството за одбрана да преземат мерки за непречено користење на капацитетите во нивно владеење, преминување на државната граница на припадниците на Војската на Црна Гора со возила, вооружување, опрема и материјално-технички средства, како и изведување на артилериско боево гаѓање на Армискиот полигон Криволак.

3. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии-Царинска управа и Националниот координативен центар за гранично управување, а им се укажува на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о. и Агенцијата за цивилно воздухопловство, да одредат по едно лице, за координација со лицето задолжено од Армијата на Република Северна Македонија, во врска со активностите за подготовките за изведување на вежбата и за истото да го известат Министерството за одбрана во рок од три дена.

**Точка 43**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2021/372 на Советот од 2 март 2021 година

за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2020/1999 за рестриктивни мерки против сериозни повреди и злоупотреби на човековите права, во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со Предлог-стратегијата за родова еднаквост 2021-2026 година, со Предлог-стратегија за родова еднаквост 2021-2026 и ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата во врска со Предлог-стратегијата за родова еднаквост 2021-2026 година.

2. Го утврди текстот на Предлог-стратегијата за родова еднаквост 2021-2026 и заклучи да ја достави до Собранието, согласно член 184 од Деловникот на Собранието на Република Македонија и член 10, став 2 од Законот за еднакви можности на жените и мажите.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници, Ресми Ејупи, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Елена Грозданова, државен советник во Министерството за труд и социјална политика.

**Точка 45**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за научно-истражувачката дејност за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 46**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 47**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2021 година, во предложениот текст.

## Точка 48

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на бројот на стипендистите и висината на стипендиите за ученици запишани во средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2021/2022 година, во предложениот текст, со укажување истата да се објави во Службен весник на Република Северна Македонија по влегување во сила на Програмата за остварување и развој на дејноста во ученичкиот стандард за 2021 година.

## Точка 49

Владата ја донесе Одлуката за доделување стипендии на странски државјани од интерес за Република Северна Македонија, (нов текст) во предложениот текст.

## Точка 50

Владата ја донесе Одлуката за давање на одобрение за основање на приватна високообразовна установа-Самостојна висока стручна школа Училиште за мода Фашион десигн институт ДООЕЛ во с. Џепчиште, Тетово (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 51

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

## Точка 52

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, во предложениот текст.

## Точка 53

Владата ја разгледа Информацијата за исплата на пензии за јули 2021 година, и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија да ги достави податоците за пензиите до деловните банки најдоцна до 26.7.2021 година.

2. Се препорачува на деловните банки да обезбедат пензионерите да може да располагаат со јулските пензии преку мрежата на банкомати и во трговската мрежа од 27.7.2021 година.

3. Се препорачува на деловните банки преку филијалите и експозитурите на банките да обезбедат готовинска исплата на пензии за клиентите кои не користат картички, во четири групи според следниот распоред составен според висината на пензијата:
-за пензии со висина до 11.000 денари, исплатата да се изврши на 27.7.2021 година (вторник);
-за пензии со висина 11.001-14.000 денари, исплатата да се изврши на 28.7.2021 година (среда);
-за пензии со висина 14.001-18.000 денари, исплатата да се изврши на 29.7.2021 година (четврток) и
-за пензии со висина над 18.001 денари, исплата да се изврши на 30.7.2021 година (петок).

## Точка 54

Владата го разгледа Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2020 година и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 33 од Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија” бр. 66/2010, 145/2010, 12/2014, 43/2014, 154/2015, 192/2015, 27/2016, 83/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.122/2021), Државниот завод за ревизија изготвува Годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија и истиот го доставува на разгледување до Собранието на Република Северна Македонија најдоцна до 30 јуни во тековната година, за претходната година.

Во Годишниот извештај на Државниот завод за ревизија презентирани се резултатите од извршените ревизии и утврдените состојби кај субјектите кои биле предмет на ревизија согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2020 година.

Државниот завод за ревизија во 2020 година извршил вкупно 58 ревизии, од кои 42 ревизии на регуларност, 6 ревизии на усогласеност како посебен вид на ревизија, 7 ревизии на успешност, 2 follow up ревизии и 1 ИТ ревизија.

Со спроведените ревизии Државниот завод за ревизија опфатил вкупно 481 субјект што е за 176,43% повеќе во однос на претходната година кога биле опфатени вкупно 174 субјекти. По извршените ревизии констатирани се 1014 наоди и издадени се 604 препораки.

Согласно Извештајот, вкупниот буџет на Државниот завод за ревизија во 2020 година изнесувал 103,2 милиони денари. Од нив 94,57% или 97,6 милиони денари се обезбедени од централниот буџет и 5,42% или 5,6 милиони денари се од сопствени приходи. Од аспект на структурата на расходите на Државниот завод за ревизија најголемиот дел од нив 83,92 % или 78,8 милиони денари се однесуваат на плати и надоместоци на вработените, 13,64% или 13 милиони денари се однесуваат за стоки и услуги и 2,22% или 2 милиони денари се однесуваат за капитални расходи.

Составен дел на Годишниот извештај е Извештајот на независниот ревизор од извршена ревизија на финансиските извештаи на Државниот завод за ревизија за средствата од Буџетот на Република Северна Македонија и Извештајот на независниот ревизор од извршена ревизија на финансиските извештаи на Државниот завод за ревизија –Сметка на буџет на донации Проект од Меѓународна организација ИНТОСАИ.

Ревизија на финансиските извештаи на Државниот завод за ревизија е извршена од страна на друштвото за ревизија РСМ Македонија ДООЕЛ Скопје. Според мислењето на независниот ревизор, финансиските извештаи за средствата од Буџетот на Република Северна Македонија, како и финансиските извештаи на Државниот завод за ревизија –Сметка на буџет на донации Проект од Меѓународна организација ИНТОСАИ ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на Државниот завод за ревизија и законското користење на средствата во 2020 година.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по однос на Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2020 година.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Владимир Голубовски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.18803 за КО Центар 2 на КП бр.2259, викано место/улица Рилски конгрес и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Јасмина Радончиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.68655 за КО Маџари на КП бр.1046/4 за викано место/улица П.Наков и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Искра Кировска од Штип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.210 за КО Штип 2 на КП бр. 2523 за викано место/улица Бабите и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Лидија Рибарева од Штип за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.18644 за КО Штип-5 на КП бр. 8124, место викано Пребег и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 59**

Владата по Известувањето од извршител Магдалена Симовска-Давидовиќ од Скопје, доставен под И.бр.974/18, за Налог за извршување врз недвижност, запишана во Имотен лист бр.483, за КО Долно Водно, Имотен лист бр.981 за

КО Долно Водно и Имотен лист бр.2784 за КО Карпош, со Заклучок за усна јавна продажба, го усвои негативното Мислење од Министерството за транспорт и врски.

## Точка 60

**1.** Владата го именува Аммар Даут за вршител на должноста директор на ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи универзитетски клиники, завод и ургентен центар-Скопје, досегашен вршител на должноста директор.

**2.** Владата го именува Сенад Амети за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за локална самоуправа, орган во состав на Министерството за локална самоуправа, досегашен вршител на должноста директор на Инспекторатот и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

**3.** Владата заклучи да му препорача на Надзорниот одбор на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост-Скопје, од должноста членови на Управниот одбор да ги отповика:

-Ненад Јосевски,
-Сашо Пецалевски и
-Авдиљ Битиќи,
а за членови на Управниот одбор на Акционерско друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост-Скопје да ги избере:

-Ненад Јосевски,
-Сашо Пецалевски и
-Авдиљ Битиќи.

**4.** Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија (стручната служба надлежна за организација на работата на Комисијата за именување) веднаш до Комисијата за именување да достави целосен систематизиран преглед на сите избрани и именувани лица во надлежност на Владата, со датум на именување, потребни услови за именувањето, важност на мандатот и сл. (во делот на важноста/истекувањето на мандатот на избраните и именуваните лица во надлежност на Владата), заклучно со 30 ноември 2021 година.

**5.** Владата заклучи за наредната седница на Владата да се разгледа предлогот за именување на директор на Државниот инспекторат за животна средина.

<u>Точка 61</u>

**1.** Владата по повод укажувањето на д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, заклучи:

-Се задолжуваат сите министерства и останатите државни институции кои доставуваат материјали за разгледување на седница на Влада истите да ги доставуваат во редовна владина постапка согласно Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија, по претходно обезбедени мислења од надлежните институции.

Истовремено, се укажува на потребата да се избегнува одделни прашања да се ставаат на дневен ред за разгледување на седница на Владата по нејзиното свикување, особено доколку предметниот материјал има фискални импликации.

**2.** Владата заклучи на 27 јули 2021 година (вторник) да се одржи Тематска седница на Владата во врска со процесот на институционална децентрализација.

**3.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за периодот од 8 јули 2021 година до 14 јули 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**4.** Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на

инвестиции, доставен до Собранието на Република Северна Македонија, со писмо бр.40-6340/1 од 8 јуни 2021 година.

**5.** Владата го одложи од разгледување Барањето за измена на Заклучокот од 67-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 април 2021 година, во врска со Информацијата за реиздавање на публикација по повод чествувањето на државниот празник 24 Мај-Ден на сесловенските просветители Св.Кирил и Методиј-Библиофилија „Проглас“ од Константин Филозоф-Св.Кирил, доставено под број 02-9008/1 од 13 јули 2021 година, за наредната седница на Владата.

**6.** Владата по повод одбележувањето на државниот празник 2 Август-Денот на Републиката, заклучи:

1) Се задолжува Министерството за култура да ги покрие сите трошоци кои произлегуваат од одржувањето на културно-уметничката програма во Пелинце.

2) Се укажува на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на претседателот на Собранието на Република Северна Македонија и Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија да ја дополнат и да ја прецизираат Програмата за одбележување на Државниот празник 2 Август-Денот на Републиката.

**7.** Владата го задолжи Бирото за јавни набавки да ја информира Владата дали огласите во печатените медиуми кои се законска обврска на државните органи (како конкурси за вработување) влегуваат во ограничениот износ на вкупна вредност на набавките определен во член 40 став 6 од Законот за јавни набавки.

## Точка 62

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршената ревизија на успешност „Ефективност на мерките и активностите за издавање на Б-интегрирани дозволи“, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за животна средина и просторно планирање да пристапи кон подготвување на акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечениот извештај за извршената ревизија на успешност на тема „Ефективност на мерките и активностите за издавање на

Б-интегрирани дозволи“ и во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 63**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршената ревизија на успешност „Капитални трансфери кон ЕЛС од Буџетот на Република Северна Македонија“, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги задолжи Министерството за локална самоуправа, Министерството за култура и Министерството за транспорт и врски да подготват акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршената ревизија на успешност „Капитални трансфери кон ЕЛС од Буџетот на Република Северна Македонија“ и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата на Република Северна Македонија и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 64**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршената ревизија на успешност „Ефективност на мерките и активностите за искористување на минералните суровини и наплата на надоместоците“, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Се задолжуваат Министерството за економија, Државниот инспекторат за техничка инспекција, Управата за јавни приходи и Геолошкиот завод да подготват акциски план со точно дефинирани рокови за имплементација на препораките кои се адресирани на секој од наведените органи.

2. Се задолжува Министерството за економија да ги интензивира започнатите активности за склучување меморандум за соработка со МАНУ, за изработка на стратегија за спроведување на ефективна политика за управување со минералните суровини.

3. Се задолжува Министерството за економија да ги интензивира активностите во делот на донесување на подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за минерални суровини.

4. Се задолжува Државниот инспекторат за техничка инспекција да изврши вонреден инспекциски надзор над концесионерите кај кои се утврдени неправилности во однос на експлоатацијата на неметаличните минерални суровини и пресметката на концесиските надоместоци (експлоатационо поле, количини на експлоатирана минерална суровина и др.).

5. Се задолжува Државниот инспекторат за техничка инспекција да изврши вонреден инспекциски надзор над концесионерите на металичните минерални суровини кај кои е утврдено мало флотациско искористување на цинк метал и да изврши проверка на начинот на пресметка на концесиските надоместоци за експлоатираните количини согласно содржината на металите во концентратите.

6. Се задолжува Управата за јавни приходи како надлежна институција за надзор и контрола за наплата на концесиските надоместоци да изврши вонреден надзор и контрола над концесионерите кај кои се утврдени неправилности во однос на пресметката и наплатата на концесиските надоместоци.

7. Се задолжува Министерството за економија во соработка со надлежните институции да преземе мерки и активности во насока на воспоставување независна акредитирана лабораторија во која ќе се врши проверка на содржината на металични и техногени минерални суровини, како клучен фактор при пресметка на концесиските надоместоци за експлоатирани минерални суровини.

8. Се задолжува Инспекцискиот совет да ја иницира потребата од обезбедување финансиски средства за техничко опремување на Државниот инспекторат за техничка инспекција, со што ќе се создадат услови за геодетско снимање заради правилно утврдување на локацијата на експлоатација и утврдување на количините на експлоатираните минерални суровини.

## Точка 65

Владата го рагледа Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година во Државниот студентски дом „Томе Стефановски-Сениќ“-Скопје, Сметка на

Буџет од самофинансирачки активности (787) и Сметка на основен буџет (603), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за образование и наука, во соработка со Државниот студентски дом „Томе Стефановски-Сениќ“-Скопје да подготви акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на дадените препораки од Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година во Државниот студентски дом „Томе Стефановски-Сениќ“-Скопје, Сметка на Буџет од самофинансирачки активности (787) и Сметка на основен буџет (603) и истиот во рок од 30 дена да го достави до Државниот завод за ревизија и Владата.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од обезбедување на нов деловен простор на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија, бр.03-1009/1 од 28.5.2021 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи да се има предвид Мислењето на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката –Скопје, со укажување дека Акционерското друштво не располага со соодветен деловен простор со бараната површина и наведените карактеристики за просторно сместување на вработените на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија.

**Точка 67**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, за период од 1 октомври 2020 година до 31 декември 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 68**

Владата го разгледа Финансискиот извештај на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје за период од 1 јануари 2021 година до 31 март 2021 година, како материјал за информирање.

**Точка 69**

Владата го разгледа Извештајот за работата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, за период од 1 јули 2020 година до 31 декември 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 70**

Владата го разгледа Извештајот за активностите на Бирото за јавни набавки во функционирањето на системот на јавните набавки за 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 71**

Владата го разгледа Дополнетиот предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година го утврди и заклучи согласно член 180-а став 4 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и д-р Димитар Ковачевски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Аница Иваноска-Стрезовски и Тања Трипуновска, државни советници во Министерството за финансии.

**Точка 72**

Владата го разгледа Предлогот на закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции* и условно го утврди со следните заклучоци:

1. Министерството за здравство да го усогласи текстот на Предлогот на закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции* и кореспондентните табели со Секретаријатот за европски прашања и Секретаријатот за законодавство.

2. Во текстот на Предлогот на закон да се дефинира поимот „лична употреба“, во однос на употребата на опојни droги и психотропни супстанции (дефиниција за декриминализација).

3. Пречистениот текст на Предлогот на закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции* согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство и д-р Илир Хасани, заменик на министерот за здравство, а за повереници Иванка Стојаноски, државен секретар во Министерството за здравство и Татјана Васиќ-Бозаџиева, државен советник во Министерството за здравство.

Истовремено, Владата заклучи Секретаријатот за европски прашања да преземе активности за добивање на мислење по текстот на овој закон од Делегацијата на Европската Унија.

## Точка 73

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи (2019-2022), со заклучок предлагачот претходно редакциски да го усогласи текстот на Програмата со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 74

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2021 година, во предложениот текст.

## Точка 75

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од информирање на Комисијата за одбрана и безбедност на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на набавката на лесни оклопни возила на тркала за потребите на Армијата на Република Северна Македонија со склучување на Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија со Владата на Соединетите Американски Држави, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за одбрана да ја информира Комисијата за

одбрана и безбедност на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на набавката на лесни оклопни возила на тркала за потребите на Армијата на Република Северна Македонија со склучување на Договор меѓу Владата на Република Северна Македонија со Владата на Соединетите Американски Држави.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од продолжување на набавката на лесни оклопни возила на тркала за потребите на Армијата на Република Северна Македонија со склучување на Договор со Владата на Соединетите Американски Држави (МК-В-UCE од 1 јули 2021 година) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го разгледа Предлогот за склучување на Договорот со Владата на Соединетите Американски Држави за набавка на лесни оклопни возила на тркала за потребите на Армијата на Република Северна Македонија и го прифати Писмото на понуда и прифаќање на понудата (LetterofOfferandAcceptance-LOA) FMS Case МК-В-UCE од 1 јули 2021 година.

2. Го овласти Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана во име на Владата на Република Северна Македонија, по информирањето на Комисијата за одбрана и безбедност на Собранието на Република Македонија, да го потпише Договорот МК-В-UCE од 1 јули 2021 година за набавка на лесни оклопни возила на тркала за потребите на Армијата на Република Северна Македонија со Владата на Соединетите Американски Држави со што ќе се смета дека меѓувладиниот договор за набавка на ЛОВ е доделен и склучен.

3. Се задолжува Министерството за одбрана веднаш по потпишувањето на Договорот, да изврши уплата на планираните финансиски средства од Буџетот на Министерството за одбрана за 2021 година во висина од 1.537.500.000 денари до Владата на Соединетите Американски Држави.

*

*       *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:30 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Мухамед Зеќири

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Зоран Заев